20090671164

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија", бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008 и 6/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 22.04.2009 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗЕН ТРЕТМАН КАЈ ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува референтна цена за здравствена услуга хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција, која е на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја плаќа здравствената услуга хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција на здравствените установи од по цена од 4.855,00 денари.

Референтната цена ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство а ќе се применува од 01.10.2009 година.

Бр. 02-7457
22 април 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Фисник Ибраими, с.р.